ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **29.10.2018 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Секретарот на Општината **Љубомир Младенов**, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Иван Велиновски** – Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска**, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Советник за правни работи и застапување **Мартин Николовски**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски Музеј **Драган Величковски**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

### Одделение за финансиски прашања

Информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.

### Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура

Информација во врска со тековно асфалтирање од страна на изведувачот „КООП“, како и динамиката на реализација на планираното.

Информација во врска со дводневно ангажирање на механизација, заради прочистување на патен правец во с.Борово, м.в.Гражданци, а по претходно барање од месното население.

Информација во врска со активностите поврзани со подготовката на елаборат за дел од улицата „8-ми Септември“, заради надминување на тековните препреки за успешно асфалтирање на тој потег.

Информација во врска со тековните активности за санација на мостот во с.Подржикоњ, а по претходно поднесено барање од страна на месното население.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Информација во врска со текот на постапката за подготовка на проект за затворен зелен пазар и роковите за подготовка на проектната апликација.

Информација во врска со можностите за уредување на локалитетот на вливот на Дурачка Река во Крива Река и можноста за поставување на видиковец или панорамска платформа врз основа на подготвен елаборат за поставување на урбана опрема.

Истакната е потребата од формирање на Комисија за оценување на оправданоста на покачувањето на цените на такси превозот, а врз основа на поднесено барање од страна на такси компаниите кои делуваат на подрачјето на Крива Паланка и околината.

Информација во врска со спроведениот испит за стекнување со сертификат за авто-такси превоз, кој беше реализиран на 25.10.2018 година.

Информации во врска со урбанистичкиот дел на кој работи ова одделение.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за човечки ресурси**

Информација во врска со завршена постапка за оценување на административни службеници од страна на внатрешни оценувачи.

Информација во врска со завршена постапка по интерен оглас за унапредување на административни службеници во Општина Крива Паланка.

Информација во врска со постапката за преземање на еден административен службеник од општината во Управата за јавни приходи.

Барање за достава до ова одделение на одлуките на Советот за разрешување и именување на членови на УО и НО, а заради навремена подготовка на потребните образци до Комисијата за спречување на корупција.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Информација во врска со тековните активности и самиот тек на проектот „Цело е кога има се“.

Информација во врска со неквалитетна хартија за печатење, која што доведува до дефекти на самите принтери, со наметнување на барање за нова спецификација за набавка на канцелариски материјали, со подобар квалитет на хартијата.

Информација во врска со определени насоки кои произлегле од посетата на Спомен костурницата и утврдената потреба за отстранување на тековни проблеми и расчистување на просторот во непосредната околина на наведениот објект.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за правни и општи работи**

Информација во врска со изготвувањето и дистрибуцијата на одлуките, донесени на последната одржана седница на Советот, како и на последното издание на Службениот гласник на Општина Крива Паланка.

Задолжение за подготовка на материјали и дневниот ред за седницата на Советот, предвидена за 12.11.2018 година, со напомена дека последниот рок за собирање на материјалите е на 02.11.2018 година, а координацијата на кординаторите на советничките групи е закажана за 05.11.2018 година.

Информација во врска со подготовката на нов јавен оглас за давање на објекти во сопственост на Општината под закуп на правни и физички лица за објектите во с.Трново и с.Жидилово.

Информација во врска со тековни распишани и веќе завршени тендерски постапки, како и за исходот од истите.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за инспекциски надзор**

Информација во врска со тековната достава на решенија за даноци на имот со кои се задолжени вработените во редарската служба и динамиката на доставувањето.

Информација во врска со активностите на инспекциската служба во рамките на спроведениот надзор над користењето на претпростор од страна на угостителските објекти.

Информација во врска со активностите на ниво на ова одделение при постапувањето во 19 предмети по поднесени барања од граѓаните и спроведените увиди на лице место.

Информација во врска со активностите на редарската служба при контрола на чистотата на јавните површини и издавање на соодветни опомени.

Информација во врска со активностите за чистење на вкупно 4 сливника под магистралниот пат, преку ангажирање на општите работници и резиме за извадени 100м3 материјал, кој што е собран и транспортиран од самото место, а во соработка со ЈП Комуналец.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**ЈП Комуналец**

Информација во врска со настанат дефект во водоснабдувањето на дел од населбата Баглак, поради пукната цевка во водоснабдителниот систем, на чие што санирање непрекинато се работи.

Информација во врска со отпочнати активности за бетонирање на платформи за поставување и монтирање на автобуски постојки.

Истакната е потребата од дополнителни насоки и допрецизирање на самиот тек и начинот на проектирање на патот до Градските гробишта во с.Конопница, а кои да бидат дефинирани на состанок со проектантот, предвиден за 30.10.2018 година.

Информација за одржан состанок со претставници на „Пакомак“, а со цел собирање на селектиран отпад, поради кое се наметнува потребата од утврдување на локации за поставување на садови за селектиран отпад

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова претпријатие.

**ЛУ Градски Музеј**

Информација во врска со закажан настан на ден 31.10.2018 година, а на кој ќе бидат потпишани договорите за откуп на авторско творештво.

Информација во врска со тековните активности околу подготовката на Програмата за култура за 2019 година.

Информација во врска со поднесена ургенција до Министерството за култура на Република Македонија за дополнување на блок дотациите за ЛУ Градски Музеј Крива Паланка.

Информација во врска со планирана седница на УО на ЛУ Градски Музеј Крива Паланка.

Информација во врска со подготовката на изложбена поставка на тема – архитектура.

Информација во врска со други тековни активности.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**29.10.2018 година, Крива Паланка**